Промоција на активностите во училиштето преку медиумите. Снимен материјал од дадени активности. Изработка на постери, флаери, проекти, презентации, реферати.

**Индикатор за успешност:**

Како индикатор за успешност во однос на постигањата на учениците ќе се користат годишните извештаи (просекот на оценките е покачен, се намалува бројот на слаби оценки, зголемена сооработка со родителите, зголемен е бројот на различни видови стратегии ).

**Одговорен за следење:**

Директно: Директор, училишен одбор, стручна служба, училишни тимови, наставници, ученици, совет на родители.

Индиректно: БРО, МОН, Државен просветен инспекторат, ЦСР, Локална самоуправа.

Повратна информација:

Годишниот извештај за работата на училиштето дава повратна информација за постигањата,поуки за подобрување на успехот, мотивацијата, вреднувањето на напредокот на учениците и наставниците.

# 8. ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 8.1 Календар за организација на учебната 2021/2022год

Според календарот за организација и работа на Основните училишта во учебната 2021/2022 година изготвен од страна на Министерството за образование и наука (Број 08 –--------.2021 година) учебната година во училиштето започнува на 01.09.2021 година, а завршува на 31.08.2022 година. Наставната година започнува на 01.09.2021 година, а завршува на 10.06.2022 година

**КАЛЕНДАР ЗА УЧЕБНАТА 2021/22ГОДИНА**

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА КАЛЕНДАРОТ ЗА РАБОТА НА ООУ„Св.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022ГОДИНА

| **2021** | **I полугодие** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| работни денови | септември | | | | | октомври | | | | | ноември | | | | | декември | | | | | ВК |
| понеделник | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | **16** |
| вторник | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | **17** |
| среда | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | **16** |
| четврток | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | **18** |
| петок | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | **17** |
| вкупно денови | **21** | | | | | **20** | | | | | **22** | | | | | **22** | | | | | **84** |

| 2022 | II полугодие | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| работни денови | јануари | | | февруари | | | | | Март | | | | | април | | | | | мај | | | | | Јуни | | ВК |
| понеделник | | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 18 |
| вторник | | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 19 |
| среда | | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 20 |
| четврток | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 21 |
| петок | 21 | 28 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 19 |
| вкупно денови | 8 | | | 20 | | | | | 23 | | | | | 19 | | | | | 20 | | | | | 7 | | 97 |

8 Септември (среда) Ден на независноста на РМ

11 Октомври (понеделник) Ден на народното востание
23 Октомври (сабота) Ден на Македонската Револуционерна Борба
8 Декември (среда) „Св. Климент Охридски“
25Април (понеделник) Втор ден Велигден
2 Мај (понеделник) Рамазан Бајрам – прв ден
24 Мај (вторник) „Св. Кирил и Методиј“
**За граѓаните од православната вероисповест**
19 Јануари (среда) Богојавление (Водици)
22 Април (петок) Велики Петок, петок пред Велигден
10Јуни (петок) Дуоб Петок, петок пред Духовден

7 Декември – Ден на училиштето – наставен ден со посебна програма ( вторник )

| | |
|---|---|
| **понеделници** | **34** |
| **вторници** | **36** |
| **среди** | **36** |
| **четвртоци** | **39** |
| **петоци** | **36** |
| **ВКУПНО** | **181** |

Предвидени се датумите за одбележување на празниците, а во чест на овие денови училиштето од своја страна ќе организира културни, спортски и други манифестации со што ќе даде свој придонес во одбележувањето на истите.

*8.1 Еколошки календар*

Во текот на учебната година училиштето ќе ги одбележи следниве позначајни настани од еколошкиот календар

| | | | |
|---|---|---|---|
| **16Септември** | **Светски ден за заш. на озонската обвивка** | **22 Март** | **Светски ден за заштеда на водите** |
| **22 Септември** | **Меѓународен ден без автомобили** | **7 Април** | **Светски ден на здравјето** |
| **2 Октомври** | **Ден на акција на еко-училиштата** | **10 Април** | **Ден на акција на еко-училиштата** |
| **8 Октомври** | **Меѓ.ден за намалу. на униш. на при.** | **22 Април** | **Светски ден на планетата** |
| **15 Октомври** | **Меѓународен ден на пешаците** | **15 Мај** | **Светски ден за заштита на климата** |
| **16 Октомври** | **Меѓународен ден на храната** | **31 Мај** | **Светски ден против пушењето** |
| **5 Март** | **Светски ден за заштеда на енергија** | **5 Јуни** | **Свет. ден за заштита на ж. средина** |
| **21 Март** | **Ден на екологијата** | | |
| **Ден на дрвото – ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија , Ајде Македонија – ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија.** | | | |

## 8.2. ПОДЕЛБА НА КЛАСНО РАКОВОДСТВО, ПОДЕЛБА НА ЧАСОВИТЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР, РАСПОРЕД НА ЧАСОВИТЕ
### Предметна настава

Оваа табела ќе трпи промени со одредени кадровски промени кои ќе се случат до почетокот на учебната години

| Р.бр | Име презиме | Предмет | Класно раководство | Стручна подготовка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Владе Угриноски | Историја, Граѓанско образование, Етика | **6-1** | ВСС |
| 2 | Златко Ристески | Музичко-образование,хор, оркестар, | **6-2** | ВСС |
| 3 | Јасмина Батанџиоска | Математика,физика | **7-1** | ВС |
| 4 | Наташа Стојкоска | Англиски јазик | **7-2** | ВСС |
| 5 | Елизабета Милошеска | Математика,физика | **8-1** | ВС |
| 6 | Ирена Кулеска | Англиски јазик | **8-2** | ВСС |
| 7 | Гордана Трајаноска | Француски јазик | **9-1** | ВСС |
| 8 | Јовица Блажески | Физичко образование, | **9-2** | ВСС |
| 9 | Христина Трпческа | Македонски јазик | **6 ПУ Самоков** | ВСС |
| 10 | Горан Ѓуроски | Географија, ,Нашата татковина ,Истражување на родниот крај,Граѓанско образование | **7 ПУ Самоков** | ВСС |
| 11 | Коце Богданоски | Географија,Историја,Нашата татковина | **8 ПУ Самоков** | ВС |
| 12 | Богоја Стојаноски | Математика,физика | **9 ПУ Самоков** | ВС |
| 13 | Наташа Когој | Англиски јазик | **6-7 ПУ Манастирец** | ВСС |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14 | Бранко Димоски | Географија,Историја,Истражување на родниот крај, | **8-9 ПУ Манастирец** | ВС |
| 15. | Марјана Трпеска | Библиотека,Етика,Запознавање со религиите,Раководител | | ВСС |
| 16. | Рената Т Кузманоска | ЕМИС,Библиотека,Кујна, Раководител | | ВСС |
| 17. | Јасна Н Радеска | Биологија,Природни науки | | ВСС |
| 18. | Мирјана Јандриеска | Хемија,Биологија,Природни науки | | ВСС |
| 19. | Славко Тренкоски | Ликовно о,Проекти од Ликовното образование,Иновации | | ВСС |
| 20. | Јасмина Трајаноска | Македонски јазик | | ВС |
| 21. | Мартина Филипоска | Македонски јазик | | ВСС |
| 22. | Соња Спироска | Англиски јазик,Француски јазик | | ВСС |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23 | Сашо Андов | Техничко образование | | ВСС |
| 24. | Сара Радевска | Информатика ,Проекти од информатиката | | ВСС |
| 25. | Марјан Стојаноски | ФЗО | | ВСС |
| 26. | Марјан Силјаноски | ФЗО | | ВСС |
| 27. | Тони Ставрески | Воспитувач | | ВСС |
| 28. | Драган Настески | Воспитувач | | ВСС |

***Преглед на наставници во одделенска настава (прегледот ке претрпи измена по добивањето согласности за формирање на паралелки)***

| **Ред.бр.** | **Име и презиме** | **Одд.раковод.** | **Стручна подготовка** |
|---|---|---|---|
| 1. | Драган Цветаноски | **1/1** | ВС |
| 2. | Даниел Кузманоски | **1/2** | ВСС |
| 3. | Гоце Стојановски(замена) | **1/3** | ВСС |
| 3. | Звонко Блажески | **2/1** | ВСС |
| 4. | Нада Јаќимоска | **2/2** | ВСС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Елизабета Темелкоска | **3/1** | ВСС |
| 6. | Маријана Ставреска | **3/2** | ВСС |
| 7. | Светлана Танеска | **4/1** | ВСС |
| 8 | Дијана Милошеска Ристеска | **4/2** | ВС |
| 9. | Елена Новеска | **5/1** | ВС |
| 10. | Драгана Златеска | **5/2** | ВСС |
| 11. | Лидија Андова | **ПУ Требино** | ВСС |
| 12. | Зоран Стојаноски | **ПУ Сувидол** | ВСС |
| 13. | Станче Трпеска | **ПУ Црешнево** | ВСС |
| 14. | Јасмина Јованова | **ПУ Манастирец** | ВСС |
| 15. | Јасмина Кузманоска | **ПУ Брест** | ВСС |
| 16. | Жарко Блажески | **ПУ Косово** | ВСС |
| 17. | Александар Станкоски | **1-2 ПУ Самоков** | ВСС |
| 18. | Гордана Блажеска | **3-4 ПУ Самоков** | ВСС |
| 19. | Валентина Ѓуроска | **5 ПУ Самоков** | ВС |
| 20. | Николина К Дејаноска | **Продолжен престој** | ВСС |
| 21. | Маја Б Тренкоска | **Продолжен престој** | ВСС |

## 8.3. РАБОТА ВО СМЕНИ

Училиште работи во една смена.
Распоредот за времетраењето на училишните часови и одморите е во Прилог на Годишната програма.

## 8.4. ЈАЗИК /ЈАЗИЦИ НА КОЈ/И СЕ ИЗВЕДУВА НАСТАВАТА

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 36 | | | | |
| **Број на ученици** | 457 | | | | |
| **Број на наставници** | 56 | | | | |

## 8.5. ПРОШИРЕНА ПРОГРАМА

Во училиштето се реализира и Проширена програма. Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.
Продолжен престој е организирана со 2 паралелки од кои 1 паралелка за учениците од 1 одделение и 1 паралелка за учениците од 2 и 3 одделение.Бројот на учениците е дефинирано во зависност од барањето на родителите.Оваа година има изјави од 59 родители на ученици за потреба од продолжен престој.

## 8.6. КОМБИНИРАНИ ПАРАЛЕЛКИ

Комбинирани паралелки има во Подрачните училишта Манастирец I-V , VI – VII и VII- IX
ПУ Самоков I-II ,III- IV ,ПУ Требино, ПУ Сувидол, ПУ Црешнево,ПУ Брест и ПУ Косово.

## 8.7. СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ШТО СЕ ИЗУЧУВААТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Во училиштето се изучуваат два странски јазици и тоа:
1. Англиски јазик (од прво до деветто одделение) -457 ученици

2. Француски јазик (изборен јазик од шесто до деветто одделение) –239 ученици

## 8.8. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

Тандем настава по физичко и здравствено образование оваа учебна година ќе реализираат наставниците кои предаваат во прво и второ одделение, заедно со наставник по ФЗО кој што ќе биде дополнително ангажиран во училиштето.

## 8.9. ИЗБОРНА НАСТАВА

Училиштето организараше онлајн презентација во месец мај 2020 година со која им се овозможи на родителите и учениците од VI – IX одделение преку одд. наставници да се запознаат со изборните предмети предвидени според наставниот план и програма и да одлучат кој предмет ќе го изберат. Изборната настава се реализира по наставни предмети предвидени со Наставниот план:

| Изборни предмети | **Одделение во кое ќе се изведуваат** |
|---|---|
| Класична култура на европската цивилизација , IX одд.Проекти од ликовна уметност/ ПУ Манастирец,ПУ Самоков/, IX одд., а во ,. | VI одд |
| Запознавање со религиите/ПУ Манастирец,ПУ Самоков/ | VI одд |
| Нашата татковина, | VII одд |
| Истражување на родниот крај, | VIII одд. |
| Проекти од ликовна уметност/ ПУ Манастирец,ПУ Самоков/, | IX одд |
| Проекти од информатика во Македонски Брод | IX одд |
| Творештво | IV и V одд |

## 8.10. ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

Дополнителна настава ќе се организира за учениците кои ќе се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети. Дополнителна настава ќе се организира во зависност од потребите на учениците од прво до деветто одделение. Истата ќе се изведува во текот на целата наставна година, по часовите од редовната настава, а на крајот од учебната година дополнителна настава ќе се организира за учениците со негативни оценки

Секој месец ќе се изработува распоред за дополнителната настава и тој ќе биде истакнат во ходникот на училиштето и на Веб страната. Стручната служба активно учествува во реализација на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик поединечно, од што произлегуваат најсоодветни постапки за корекција на
слабиот успех како негативност. Содржините за оваа настава се специфични за секој ученик и затоа ќе се применуваат пред се индивидуални форми на работа, работа во групи, а ќе се користи и фронтална работа со учениците од секоја од групите.

## 8.11. ДОДАТНА НАСТАВА

Додатна настава ќе се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати, пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Истата ќе се изведува во текот на целата наставна година, по часовите од редовната настава, во слободното време на учениците според определени Програмски содржини и со писмена согласност од родител. Во согласност со кадровските услови ќе се организира додатна настава за учениците од 2-ро до 9-то одделение, а ќе биде организирана според претходно изготвени програми. На почетокот од септември ќе биде изработен распоред за додатна настава кој по донесувањето станува составен дел на оваа годишна програма.

**- Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби-** Секој наставник изработува идивидуална програма за деца со посебни образови потреби која ќе биде биде поттикнувачка и мотивирачка за учениците. Истата ќе се реализира од септември до мај во текот на една училишна година во која ќе бидат вклучени природата на проблемот со кој се соочува ученикот, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба, а особено со дефектологот во училиштето кој ќе ги координира и организира сите активности. Ученикот со посебни потреби континуирано го вреднуваме според оваа програма, поединечно, усмено или писмено, со прилагодување на особеностите на ученикот. Во училиштето се формира и тим за работа со деца со посебни потреби .

## 8.12. РАБОТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Училиштето има изработено процедурата за идентификација на надарените и талентираните ученици, која е во Прилог на Годишната програма на училиштето. Во согласно со идентификуваните надарени и талентирани ученици, наставниците кај кои ќе се појават такви ученици ќе иготват програми за работа со истите.

## 8.13. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Членовите на училишниот инклузивен тим, се наведени во подрачје 1.2 на оваа програма. Во нашето училиште постојат инклузивни тимови за ученици.

| | |
|---|---|
| 1. ЕМИЛ АЈРЕДИНОВ<br>Одд.наст.: Звонко Блажески (наст.анг. ј и наставни ФЗО)<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор:Кристина Симјаноска<br>Родител/старатњл: Миланка Несторoска | 7. МИХАЕЛА КАРЕВСКА<br>Класен.рак.: Наташа Когој<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/старател: Зоре Трпески |
| 2. КАЛИНА ТРЕНКОСКА<br>Одд.наст.: Елизабета Темелкоска<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител:Игор Тренкоски | 8. ЉУБИЦА ДУКОСКА<br>Класен.рак.: Наташа Когој<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/старател:Светлана Трендафилоска |
| 3. БРАНКО МИЦКОСКИ<br>Одд.наст.:Жарко Блажески<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител: Мимоза Мицкоска | 9. НИКОЛИНА ЃОРЃИЕВСКА<br>Класен.рак.: Јасмина Батанџиоска<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител: Михаела Красманович |
| 4. ДАНИЕЛА ЃОРЃИЕВСКА<br>Одд.наст.: Драгана Златеска<br>Педагог: Вера Китаноска | 10. ЈОВАН АНДОВ<br>Класен.рак.: Елизабета Милошеска<br>Педагог: Вера Китаноска |

| | |
|---|---|
| Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/старател: Јулија Маркоска | Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител: Лидија Андова |
| 5. ТОДОР ДОЈЧИНОВ<br>Одд.наст.: Елена Новеска<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/старател: Петра Божиноска | 11. ДАРКО СТОЈКОСКИ<br>Класен.рак.: Ирена Кулеска<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/старател: Јованка Попоска |
| 6. МАРТИН ТРАЈКОВ<br>Класен.рак.: Јовица Блажески<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/старател: Добрица Стојаноска | 12. АМЕЛА ТРАЈКОСКА<br>Класен.рак.:<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/старател: Јованка Попоска |

## 8.14. ТУТОРСКА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во училиштето се уште нема организирано туторство на ученици. Оваа учебна година, училиштето ќе ги следи понудите и потреби на ученици.

## 8.15. ПЛАН НА ОБРАЗОВНИОТ МЕДИЈАТОР

Во училиштето се уште нема образовен медијатор. Оваа учебна година, училиштето ќе ги следи понудите и во соработка со Локалната самоуправа и МОН ќе се труди да обезбеди Образовни медијатори

## 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Ова подрачје ќе биде проткаено со содржини и активности што ќе се реализираат вон наставата.
Оперативната Годишна програма за работа во делот за вонаставните активности се состои и од следните подрачја:

## 9.1. УЧИЛИШТНИ СПОРТСКИ КЛУБ

Во училиштето е формиран училиштен спортски клуб „Св.Климент Охридски “, основан на 21.08.2017 год. со Статут од 21.08.2017 год. како основачки акт, во чии рамки активнои се вклучени учениците во три спортски дисциплини:
- фудбал машки и женски, футсал машки и женски и бокс.

Во прилог на годишната програма како Анекс ќе биде приложена програма за работа на истиот

## 9.2. СЕКЦИИ/КЛУБОВИ

| Ред. број | Име на секцијата | Реализатор | Бр.на час. |
|---|---|---|---|
| 1. | Математичка секција | Милисав Димоски, Елизабета Милошеска,Богоја Стојаноски, Јасмина Батанџиоски | 36 |
| 2. | Историска секција | Владе Угриноски,Бранко Димоски,Коце Богданоски | |
| 3. | Географска секција | Бранко Димоски,Коце Богданоски,Горан Ѓуроски | |
| 4. | Новинарска секција | Васе Силјаноски | |
| 5. | Странски јазици | Наташа Стојкоска,Наташа Когој,Мирјана Силјаноска | |
| 6. | Литературна секција | Јасмина Трајаноска,Мартина Филипоска,Христина Трпческа | |
| 7. | Еколошка секција | Јасна Радеска, Мирјана Јандреска | |

## 9.3. АКЦИИ

(Се изработува план за организирање на базари, хепенинзи, хуманитарни настани, еколошки акции и сл., со јасно дефинирани содржини, време на реализација, име и презиме на лицата задолжени за реализацијата на акциите, од кои паралелки ќе бидат активно вклучени учениците, потребни средства и материјали и извори од кои ќе се добијат, тим за следење на акциите (во кој треба да има и претставници од советот на родители).

| **Планирана активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Цели** | **Ресурси** |
|---|---|---|---|---|
| Одржување и уредување на училишниот простор и дворот: Почеток на годината, Велигденски хепенинг, Ден на училиштето, | Септември, мај, јуни | Наставници и ученици | Развивање на организаторски способности и успешно уредување | Планови,алат кеси и сл. |
| Одржување и уредување на непосредната околина: училиште, паркови | Во текот на годината | Наставници и ученици | Придонес за здрава и чиста околина и развивање на работни навики | Кеси, алат, цвеќе |
| Собирни акции: стара хартија и пластика учебници и книги | Стекнување работни способности | Наставници и ученици | Стекнување работни способности | Кеси, алат, цвеќе |
| Засадување садници во училишниот двор | Стекнување работни способности | Наставници и ученици | Стекнување работни способности | Кеси, алат, цвеќе |
| Негување на цвеќина во училишните простории | Во текот на годината | Наставници и ученици | Создавање навики и развивање љубов кон цвеќето | Ѓубриво, вода, цвеќе |
| ОДГО | Септември - декември | Наставници по ГО,дефектолог, и ученици/парламент/ | Развивање на демократска култура и граѓанство | Комјутер,LCD, постери |

## 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Во секоја паралелка од второ до деветто одделение се формира заедница на паралелката која работи на дисциплината, хигиената, редовноста на учениците, решавање на проблемите во паралелката. Претседателите на ученичките заедници, го формираат ученичкиот парламент кој работи на ниво на училиште. Исто така согласно законот за основно образование избран е и ученички правобранител.
Претставници од Ученичкиот парламент и правобранителот учествуваат на Наставнички совет, Советите на одделенски и предметни наставници, Училишниот одбор, Тимот за Меѓуетничка интеграција во образованието, при изработка на Годишната програма.

Програмите за работа на ученичкиот парламент и правобранителот се во Прилози на оваа Годишна програма.

## 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

### 11.1. ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И НАСТАВА ВО ПРИРОДА

Тимот за изработка на програма за екскурзии, излети и настава во природа и други вонучилишни активности е

1. Гоце Стојановски
2. Маријана Ристеска
3. Златко Ристески
4. Ирена Кулеска
5. Весна Котеска (училишен одбор)

Ќе се реализираат два еднодневни излети- пролетен и есенски, настава во природа со учениците во петто одделение, и еднодневна екскурзија за учениците во 3то одд, двовневна екскурзија за учениците во 6то одд, и тридневна екскурзија за учениците во 9то одд

### 11.2. ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

Податоците за бројот на учениците и од кои паралелки се учениците кои се вклучени во вонучилишни активности ќе бидат дополнително утврдени со почетокот на Учебната година.

## 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

**ПРЕГЛЕД на структурата и видовите на натпревари и конкурси и динамика на реализацијата во учебната 2021/2022 год.**

**Напомена:** Во Прегледот не се внесени оние натпревари и конкурси за кои немаме сознание дека ќе бидат организирани. Доколку истите се организираат и се прифатат ќе станат составен дел од Прегледот.

Со цел да се презентираат постигнувањата во наставно-воспитната работа и воннаставните активности, училиштето ќе организира вакви активности на ниво на училиште, ќе земе активно учество на натпревари на ниво на регион и во рамките на државата, огранизирани натпревари од страна на БРО, друштва и други регистрирани надлежни организации (Совет за грижи и воспитување на децата на РСМ., Совет за безбедност на сообрајќајот). Во текот на второто полугодие, започнуваат огранизирани натпревари, најпрво училишни (помеѓу паралелки од централното и подрачните училишта), потоа општински (регионални) и најпосле државни натпревари. Учениците од ова училиште ќе земат учество на сите натпревари, како и на приредби, смотри, манифестации, конкурси и други организирани активности.

План за натпревари

| **Планирана активност** | Време | **Реализатор** | **За кого пред кого ќе се реализира** | Ресурси | **Очекувани цели и ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| планирање на реализациј на училишни натпревари | септември | одговорен наставник | предметни наставници и ученици од VI до IX одд | план и распоред по наставни предмети | успешна реализација на училишните натпревари |
| дополнителни менторски активности за подготовка на учениците | октомври | предметни наставници | предметни наставници и ученици од VI до IX одд | дополнителни материјали од наставниот предмет | продлабочување на знаењата и вештините на учениците и стекнување на поширок сознанија |
| непосредно информирање за | најмалку два дена пред | стручна служба | ученици од VI до IX одд | тетратка за соопштение | навремено информирање и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| одржување на натпреварите | натптерварот | | | | транспарентност со цел побројно |
| истакнување на резултати | Најдоцна една седмица по одржаниот натпревар | предметен наставник | ученици од VI до IX одд | ранг листи истакнување на огласна тапла | навременост транспарентност во истакнување на спортски резултати |
| активности за подготовка на натпревари од повисок ранг (општински,регионални и државни натпревари) | во текот на второто полугодие | предметени наставници, пласирани ученици | предметени наставници, пласирани ученици, одговорен наставник | ранг листи истакнување на огласна тапла | навременост транспарентност во истакнување на спортски резилтати |
| спроведувањена натпревари од повисок ранг (општински,регионални и државни натпревари) | во текот на второто полугодие | организатор на натпревар предметени наставници, пласирани ученици | предметени наставници, пласирани ученици | тестови со задачи на повисоко ниво на знаење | чество и афирмација на учениците |
| анализа на резултати од одржани натпревари | јуни | одговорен наставник | предметени наставници,Стучна служба | ранг листи и извештаи од спроведени натпревари | оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |
| презентација на извештајот од одржаните натпревари | јули | одговорен наставник | наставници,Стучна служба | изготвен извештај од спроведени натпревари | оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |

## 13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ/ИНТЕРКУРТУЛАРИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Во училиштето наставата се одвива на Македонски јазик.. Но тоа не не спречува да соработуваме со други училишта со различен етнитет како би разменувале позитивни практики и би биле промотори на редот, мирот, сожителството, културното наследство традицијата затоа што сме свесни дека не сме само едни и единствени на просторот во кој живееме и работиме. Ние сме потполно свесни дека треба да научиме да бидеме сите едно-сплотени, обединети, да немаме стереотипи и предрасуди, да го намалиме бројот на конфликти.
За таа цел училиштето е веќе вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИМО), финансиран од УСАИД и реализиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти и БРО како задолжителен дел од наставниот процес преку планирање на наставни содржини по сите предмети во сите одделенија

Во нашето училиште тимот за интеграција на мултикултурализмот во воспитно-образовниот процес е:
1 Гоце Стојановски- директор
2.Милисав Димоски
3.Владе Угриноски
4.Сузана Тренгоска
5.Мирјана Силјаноска

***План на активности на тимот за меѓуетбичка интеграција за учебната 2021/2022 година: Во прилог на Годишната програма***
*Дел од планираните активности на овој тим поради пандемијата со Корона не ги реализиравме, па годинава во планот ќе бидат опфатени некои пд нив.*

1. Организирање на десеминација на нововработени наставници, членовите од тимот кои ги имаат поминато обуките за МИО во училиштето ќе организираат десиминација на своите колеги. За оваа активност не се потребни финансиски средства, само обезбедување на соодветен простор според новонастанатата ситуација. По завршувањето на истата училиштето на колегите кои ќе ја поминат обуката треба да им издаде потврда.

Време на реализација: август-декември 2021год.

2. Одбележување на празници со потенцирање на интеркултурализмот , Нова Година, 8-ми Март, 9-ти Мај, со организирање на работилници со средства од училиштето и локалната бизнис заедница , а со поддршка од родителите. На овие работилници ќе се изработуваат : честитки, брошури, ќе се организираат дебати на кои ќе се зборува за меѓуетнички сличности, и разлики, предрасуди и стереотипи, Во зависност од условите и можностите би сакале да бидат мултикултурни

## 14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Ќе се реализираат проектите:

-Заедничка грижа за правилно насочување на учениците;

- Меѓуетничка интеграција на младите во образованието и Образование за одржлив развој;

-Проект од програмата Еразмус+; Во проектот се вклучени покрај нашето и училишта од Србија, Франција и Турција.

-Проекти од Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта

## 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 15.1. ПОСТИГНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

(Се наведуваат постигнувањата на учениците од минатата учебна година, по наставни предмети и области, се наведува изработениот план за оваа учебна година поставуваат со конкретни цели и конкретни активности, одговорни наставници, очекувани резултати и тим за евалуација), се наведуваат конкретни активности од стручната служба за поддршка на учениците и за подобрување

| | Успех по предмети | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Задолжителни предмети | Наставни предмети | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | неоценети | Оценети | Сред.успех |
| | Македонски | | | | | | | | |
| | Математика | | | | | | | | |
| | Англиски | | | | | | | | |
| | Француски | | | | | | | | |
| | Ликовно о | | | | | | | | |
| | Музичко о | | | | | | | | |
| | Природни науки | | | | | | | | |
| | ТО | | | | | | | | |
| | Работа со компјутери | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Информатика | | | | | | | | |
| | Општество | | | | | | | | |
| | Географија | | | | | | | | |
| | Историја | | | | | | | | |
| | Етика | | | | | | | | |
| | Граѓанско о | | | | | | | | |
| | Биологија | | | | | | | | |
| | Физика | | | | | | | | |
| | Хемија | | | | | | | | |
| | Иновации | | | | | | | | |
| | ФЗО | | | | | | | | |
| | Вкупно 1 | | | | | | | | |
| Изборни предн ети | Творештво | | | | | | | | |
| | КЛ.кул.на еврос.цивил | | | | | | | | |
| | Запознавање со религи | | | | | | | | |
| | Проекти од информатика | | | | | | | | |
| | Прок. Од ликовна уметност | | | | | | | | |
| | Наш.таковина | | | | | | | | |
| | Истр.род.крај | | | | | | | | |
| | Вкупно 2 | | | | | | | | |
| | Вкупно 1+ 2 | | | | | | | | |

Во учебната 2019/20 год. вкупниот број на ученици беше 481 ученици (234 машки и 247 женски). Примерно поведение имаат 481 ученици. Средниот успех е 3,91. Вкупниот број на изостаноци е 3851 од кои 3807 оправдани и 44 неоправдани.
Во учебната 2020/21 год. вкупниот број на ученици беше 471 ученици (232 машки и 239 женски). Примерно поведение имаат 471ученици, 3 ученици писмена опомена. Средниот успех е 3.99 Вкупниот број на изостаноци е 3174од кои 3033 оправдани и 111 неоправдани

Соработка со установите од областа на образованието (средни училишта од општината и пошироко, центарот за социјални работи, различни здруженија, медицински установи и други установи кои можат да помогнат во воспитно-образовниот процес на учениците); Организирање стручни предавања, советувања и обуки за родители; Интегрирање на децата со посебни образовни потреби во општеството; еднаквост и правичност за сите во училиштето како ученици така и вработени; соработка со локалната заедница, семејството и родителите;
Интензивирање на соработката со училиштата „Пере Тошев“ од Десово за реализација на ПМИО. Отпочнување соработка за збратимување со училишта од Р. Бугарија и Р.Србија; изградба на мултифункционално игралиште.

Според анализата се забележува подобрување на успехот на учениците, а Тимот за подобрување на оценувањето и наставниците и понатаму ќе спреведуваат активности со цел подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. На Отворениот ден за ГО во рамките на Трибината Ученички иницијативи, ќе бидат презентирани иницијативите на учениците за:
-зголемување на безбедноста во училиштето и доставени барања до локалните институции
- решавање на проблем со кучиња скитници и доставени барања до локалните институции
- селектирање на отпад, поставување корпи за различни видови отпад и доставено барање до ЕЛС и ЈКП
- од страна на Ученичката заедница ќе бидат презентирани заклучоците од работилницата за булинг кои воедно претставуваат предлог активности кои промовираат ненасилство во училиштето.
Во училиштето се изготвуваат следниве програми дадени во Прилог :

- Програми за подобрување на постигнувањата на учениците
- Програма за работа со ученици со потешкотии во учењето • Програма за справување со насилно однесување во училиште
- Програма за развивање на позитивна социо-емоционална клими

## 15.2. ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

Тимот на реализација на професионална ориентација на учениците е во состав:
Гоце Стојановски,Сузана Тренгоска,Вера Китаноска,Марјана Трпеска
За прервземените активносто во Прилог постои Акционен план за професионална ориентација.

## 16. ОЦЕНУВАЊЕ

## 16.1. ВИДОВИ ОЦЕНУВАЊЕ И КАЛЕНДАР НА ОЦЕНУВАЊЕТО

(Се даваат генерални информации за описното и бројчаното оценување по одделенија, се прави план за писменото оценување имајќи ги предвид законските ограничувања. Во ова подрачје треба да се даде опис на активностите со кои: ќе се стимулира имплементирањето на стандардите во оценувањето, што се очекува како активност на секој предметен наставник во секој

класификационен период, планирање на формативното и сумативното оценување, оценување на учениците со попреченост и начини на известување на родителите за успехот на учениците. Исто така, се наведуваат членовите на комисијата за повторна проверка на знаењето на учениците, како и ниспитниата комисиј за одделенски испит, поправен испит и испит за побрзо напредување.).

## 16.2. ТИМ ЗА СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗА И ПОДДРШКА

(Се наведуваат членовите на тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, се утврдува процедурата за поплаки и жалби по добиени оцени, а, исто така, се презентира планот за следење и анализа на состојбите со оценувањето со временски период и за конкретен наставен предмет, планот за поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во работењето, поддршка за наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, план на споделување на добрата пракса во рамки на училиштето во врска со оценувањето.).

## 16.3. СТРУЧНИ ПОСЕТИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

(Се наведува планот на директорот и стручните соработници, со изработените инструменти и временска рамка за посета на наставните часови и воннаставните активности во оновното училиште).

## 16.4. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

(Се наведуваат името и презимето на членовите на училишната комисија и нивниот план за спроведување на самоевалуација за утврдување на квалитетот на работата на основното училиште.).

Оценувањето како една од најважните компоненти на наставниот процес која се користи за следење и подобрување на поучувањето и учењето, се изведуваа континуирано од првиот па се до третиот период и тоа: – Во првиот период во текот на учебната година учениците се оценуваат описно, додека на крајот на учебната година добиваат свидетелства со описни оценки.38 – Во вториот период, на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година, учениците добиваат бројчани оценки додека на крајот од првото и третото тримесечие се оценуваат описно. – Во третиот период, на крајот од трите тримесечиа учениците добиваат описни оценки, додека на крајот на учебната година добиваат бројчани оценки. При оценувањето се користат стандардите и критериумите изготвени од БРО, во координација со сознанијата стекнати на обуките во рамките на Проектот за основно образование – компонента за Унапредување на оценувањето на учениците. Оценувањето ќе се изведува формативно и сумативно при што ќе се применува Етичкиот кодекс. Ќе се формираат комисии составени од ученици кои ќе го следат оценувањето и ќе даваат свое мислење. Ќе се формира тим за следење,анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди.Притоа ќе се изготви план за поддршка на наставници со слаби резултати од работењето како и за наставниците-креатори и иноватори на развојот на квалитетно оценување. Ќе се воспостави процедура за поплаки и жалби по добиени оцени која ќе ја спроведува тим составен од стручната служба,одделенски како и предметни наставници и начин за известување на родителите по жалбите. Ќе се вршат квартални анилизи на постигнатите резултати и ќе се вршат споредби со веќе постигнатите во изминатите периоди. Задачите и активностите кои произлегуваат од горе наведеното, како и реализаторите, ресурсите, инструментите, временските рамки и критериумите за успешно оценување се прикажани табеларно,

## 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

(Програма за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од природни и други несреќи пожари, поплави и слични закани и ризици, план за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште, курсеви за прва помош и заштита итн.).

Во училиштето има “План и програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди”. Има противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба.Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Училиштето има изработено план за движење при евакуација кој е истакнат на видни места. За заштита и безбедноста на на просториите во училиштето има план за дежурства на наставници и техничка служба за време на часовите, влезните врати се заклучени и има дежурни ученици на влезовите. Поставени се видео камери низ училиштето. За време на работните денови во училиштето има физичко обезбедување и платен чувар во ноќниот период.

## 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Грижата на училиштето за заштита и унапредување на здравјето на учениците е обврска која што се реализира во соработка со родителите, здравствената служба и поширокатa заедница. Во училиштето треба да се обезбеди беспрекорна хигиена на училишните простории:

-Редовно метење и бришење со крпа во кабинетите

-Редовно бришење по ходниците со средства за дезинфекција и тоа кога учениците се на часови и во време на викенд

-За време на часовите додека учениците се во кабинетите на настава, редовно да се мијат санитетските јазли со вода , а за време на викендите со дезинфекциони средства

-Дезинфекционите средства не смеат да се употребуваат кога учениците се на настава, бидејќи предизвикуваат задушување и оштетување на дишните патишта

-Редовно чистење на училишниот двор од отпадоци Притоа приоритетни ќе бидат следните цели кои ќе се реализираат: ¬

Оспособување на учениците за преземање активности за поздрав живот во училиштето и во локалната средина;

¬ да осознаваат што е лична хигиена и како таа се одржува;

¬ да прфаќаат лична одговорност во одржување на хигиената во училницата и во непосредното опкружување;

¬ да се оспособуваат редовно да практикуваат хигиенски навики; ¬ да осознаваат некои болести, како се манифестираат и дали и како се пренесуваат;

¬ да се оспособуваат за користење на едноставни заштитни мерки и прифаќаат совети за заштита и лекување од болести;

¬ да осознаваат различни начини за користење на слободното време и да согледаат дека слободното време може да се искористи за одржување и подобрување на општата здравствена состојба и за проширување на своите знаења. Училиштето има изработено Програма за здравствена заштита и здравствено воспитание

дадена во Прилог

## 18.4. ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВА ИСХРАНА – ОБРОК ВО УЧИЛИШТАТА

(Се наведува на кој начин ќе се организира оброкот/ците за учениците во училиштето. Се определува бројот и терминот на предавањата кои ќе ги организира училиштето за здрава храна, предавачите, како и другите интерни активности кои ќе ги спроведуваат наставниците (или родител кој што е едуциран на оваа тема).

Во училиштето нема организиран оброк. Во рамките на Образование за животни вештини кој се реализира на одделенските часови има работилници кои се однесуваат на здравата исхрана и во сите одделенија се реализираат по еден до два часови. Во ракките на проектот Заедничка грижа за правилно насочување на учениците, дел од наставниците кои имаат родители едуцирани на оваа тема, ќе реализираат работилници.

## 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

1. Дисциплина Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес ( ученици, наставници, персонал ), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив подробно се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. *Напомена : Правилниците се во прилог на Годишната програма

План за подобрување на училишната дисциплина

| **Активност** | **Цел** | **Носители на активност** | **реме на реализација** |
|---|---|---|---|
| Создавање на листа на дежурни ученици по одделенија | Контролирање на однесувањето на учениците за време | Ученици од 2-ро до 9-то одделение Во текот на цела | Во текот на цела учебна година |
| Создавање на листа на дежурни наставници во двете смени | Контролирање на однесувањето на учениците за време на одморите | Наставници од одделенска и предметна настав | Во текот на цела учебна година |

*Напомена: распоредот на дежурни наставници е дел од прилозите Контролата на движење и активности во училишниот двор ќе се обезбеди преку постоечкиот систем за видео надзор

1. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето За развивање на одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето, со искуствата и придобивките од проектот „Стимулативна училница“ организиран од БРО, учениците под раководство на наставниците создаваат т.н. „стимулативни училници“ од поодделни научни области,

со што се реализира едукативниот елемент на наставата, но истовремено и естетскиот момент на просторот (училниците ) во кои се поминува голем дел од денот. Уредувањето на просторот ќе биде во функција на вклучувањето на училиштето во проектот МИМО како и потребите за реализација на наставните содржини по Кембриџ програмата за учениците од 1-во до 3-то одделение. Со цел естетско уредување на просторот и подобрување на животот во училиштето на Отворениот ден за ГО од страна на учениците ќе бидат иницирани активности за: - чистење и разубавување на дел од училишниот парк - цртање мурал (слика, текст,) на дел од училишниот двор За реализација на овие активности учениците претходно ќе достават Барање за одобрување од училиштето.. Преку реализацијата на општествено-корисната работа кај учениците ќе се негува позитивниот однос кон работата. Во прилог на тоа во училиштето ќе се превземаат следните активности: -одржување на училиштето преку уредување на училниците и кабинетите, ходниците, училишната зграда и училишниот двор. Исто така во училиштето функционираат и слободните ученички активности со кои ќе се создадат претпоставки за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците, а во интерес на уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето. Такви се ликовната секција и секцијата на млади биолози

– **Етички кодекси** Училиштето во рамките на своето работење има изготвено Етички кодекс за однесување на наставниците, Етички кодекс за однесување на учениците, Етички кодекс за оценување на учениците и Еко кодекс, а некои од начелата за етички кодекс на вработените и учениците во училиштето опфатени се и во рамките на одредбите од куќниот ред на училиштето.

- Мултикултурализам Во училиштето наставата се одвива на Македонски јазик и најмногубројни се Македонците. Но тоа не не спречува да соработуваме со други училишта со различен етнитет од нашиот, како би разменувале позитивни практики и би биле промотори на редот, мирот, сожителството, културното наследство традицијата затоа што сме свесни дека не сме само едни и единствени на просторот во кој живееме и работиме. Ние сме потполно свесни дека треба да научиме да бидеме сите едно-сплотени, обединети, да немаме стереотипи и предрасуди, да го намалиме бројот на конфликти. За таа цел училиштето е веќе вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИМО), финансиран од УСАИД и реализиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти и БРО како задолжителен дел од наставниот процес преку планирање на наставни содржини по сите предмети во сите одделенија.

8. Односи меѓу сите структури За подобрување на комуникацијата во училиштето се формира тим кој ќе направи анализа на критичните точки во комуникацијата.За подобрување на училишната клима и 43 односите во училиштето може да се организираат заеднички состаноци-работилници, дебати, предавања, на кои ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата. Во тимот ќе бидат опфатени сите структури во училиштето и ќе биде составен од следните членови:

1. Гоце Стојановски –Директор 2. Сузана Тренгоска – Психолог 3. Вера Китаноска - Педагог 4. Давор Тримчески -Претседател на Училишен Одбор 5. Емилија Петкоска – Совет на родители 6. Сара Јованова -Ученичка заедница 7.

*Предлог мерките, носителите на активностите и целите и задачите за подобрување на училишната клима и односите во училиштето ќе ги изготви Тимот по изготвените извештаи.

## 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Стручно усовршување Во текот на учебната година стручното усовршување во училиштето ќе се одвива низ следните форми: -Индивидуално стручно усовршување преку следење на стручна литература и списанија (Просветно дело, Просветен работник, Образовни рефлексии и Воспитни крстопати) -Екстерно стручно усовршување преку учество на семинари, советувања во организација на Бирото за развој на образованието и др.институции -Интерно стручно усовршување преку работата на стручните активи во училиштето.

-Стручно усовршување на наставник-приправник преку менторство со примена на Акционене план за менторство.

## ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Секој наставник задолжен за водење на сопствено професионално досие за чија контрола задолжени се директорот, стручните соработници, инспекторите од ДПИ, општинскиот просветен инспектор. Секој наставник треба да е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати. Секој наставник треба пред почетокот на секоја година да има сопствен план за професионален развој но поради немање на листа на провајдери (понудувачи) на вакви обуки и нивниот не постојан облик кој не е претходно најавен не ни може и однапред да се планира па затоа истите се приморени тековно тоа да го прават преку целата година. Хоризонтално учење Главен акцент оваа година ќе се постави на размената на професионално искуство преку размена, разгледување на видео снимки на различни делови и аспекти кај учениците и делови од курикулум, и особено интеграција на повеќе предмети. Кои делови ќе се разгледуваа и кои ќе се снимаат се определуваат со програмите на активите кои ќе станат дел од годишната програма.

### Тимска работа и училишна клима

Подигнување на квалитетот на воспитно образовниот процес е можно само кога во него ќе се вклучат повеќе учесниципздружени професионално и со користење на умешноста на секој од учесниците.Меѓусебната соработка и почитување игра важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците.Акцент се става на отворена комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста. Тимската работа меѓу наставниците и училишната клима ќе се подобрува преку одржување на состаноци на ниво на стручни активи, на кои ќе се пронаоѓаат ефективни решенија за детектираните проблеми. Наставниците на ниво на генерација и актив тимски ги изработуваат годишните и тематските планирања, тестовите за проверка на знаењата и разменуваат предлози и искуства се со

цел за подобра и поефективна настава. Воедно во соработка со стручните соработници во училиштето ќе се работи на подобрување на ефективноста на секој наставник индивидуално но и на нивона стручен актив преку одржување со редовни состаноци на стручните активи. Наставниците коишто стекнале вештини, знаења и информации за подобрување на наставниот процес и правилнотофункционирање на училиштето на различни обуки, семинари, конференции и др. Ќе ги споделат своите искуства соостанатите наставници на ниво на стручен актив, работна група или/и наставнички совет.Раководната служба и стручните соработници ќе ги следат трендовите во наставата и работа со деца и за истите ќе гиинформираат наставниците.

### 20.1. ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ

(Се утврдуваат и наведуваат потребите и приоритетите за професионален развој на воспитно образовниот кадар, што произлегуваат од детектираните состојби, резултатите од самоевалуацијата, интегралните евалуации, како и од следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните соработници од надлежна институција).

### 20.2. АКТИВНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

(Конкретно се планира и наведува организирање на обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците и стручните соработници, се изготвуваат акциони планови за истите, се врши дисеминација од проектите, се подготвуваат извештаи, се прави евалуација и од неа произлегуваат наредените приоритети за професионален развој

### 20.3. ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

(За сопствено лично усовршување наставникот и стручниот соработник прави личен план за професионален развој во однос на зајакнување на своите професионални компетенции, а врз основа на резултатите од интегралната евалуација, извештаите од посетите од страна на директорот на основното училиште, како и од страна на советниците од Бирото за развој на образованието).

### 20.4. ХОРИЗОНТАЛНО УЧЕЊЕ

(Се планираат различни активности за продлабочување на стручни знаења и зајакнување на професионални вештини или размена на професионални искуства, преку професионалните активи, заедници за учење. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани резултати, начин на следење и критериуми за успех).

### 20.5. КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

(План за поддршка на воспитно-образовниот кадар за нивното кариерно напредување).

**СОВЕТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ**

Советувањето на родители се реализира согласно Законот за основно образование, во првиот дел се повикуваат родители на ученици кои направиле 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци, вториот дел се однесува на родители чии деца имаат повеќе од 3 слаби оцени и третиот дел се советуваат родители чии деца се со проблематично однесување. Целта на советување на родителите е нивно едуцирање за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училиштни тешкотии и животни предизвици. Секојдневното искуство покажува дека вклученоста на родителите во училиштниот живот има позитивно влијание, не само врз училиштниот успех на нивните деца, туку и врз нивниот развој и севкупно однесување. Поврзаноста на училиштето со семејството во многу случаи се појавува како пресуден фактор за успешна адаптација на училиштниот живот , подобри резултати во учењето, поцелисходно усвојување социјални вештини и за превенција и за справување со разни видови ризични и несоодветни однесувања. Во прилог е даден Планот на задолжителни активности за јакнење на воспитната компонента во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод

**21.1. ВКЛУЧЕНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО**

(Се наведува распоредот за прием на родителите/старателите (наставник, ден во неделата и час), се презентира планот за вклученоста и партиципацијата на родителите во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, преку советот на родители и училиштниот одбор. Исто така, се наведува програмата за работа на советот на родителите).

**21.2. ВКЛУЧЕНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ И ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ**

(Се наведува планот за вклученоста на родителите во секаков вид планирања, давање поддршка на наставниците за работата со ученици со попреченост, надарените и талентираните ученици, за професионалната ориентација на учениците, во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали, како и учество во реализација на часовите).

**21.3. ЕДУКАЦИЈА НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ**

(Се наведува планот за едукативни работилници и обуки за родителите/старателите, програмата за конкретните облици на соработка со родителите, со одговорни наставници и планираното време за нивна реализација. Се презентира и планот за начините на информирање на родителите/старателите (флаери, плакети, брошури и сл), со носители на активностите и потребните финансиски средства).

## 22. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

(Се наведуваат конкретните планови за комуникација и соработка со: другите основни училишта, со локалната заедница, институциите од областа на културата, институциите од областа на образованието, невладини организации, спортски друштва, здравствените организации, медиуми итн., со носители на активностите и временскиот период за реализација на плановите).

### ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА- (ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, МЕСНО НАСЕЛЕНИЕ, БИЗНИС СЕКТОР)

Училиштето континуирано реализира успешна соработка со локалната самоуправа, бизнис заедницата и месното население преку индивидуални средби, пишана електронска комуникација, состаноци, дебатни трибини, посета на институции и бизнис компании во локалното опкружување , собири за одредени случувања на училиштето. Локалната заедница ќе се вклучи во промовирање на постигнатите резултати на училиштето од различен вид, промовирање на проектните активности, комуникацијата со медиумите и друго..

### ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

Во согласност со наставните програми на наставниците од одделенска настава и предметна настава, континуирано во текот на целата година ќе се реализираат посети и соработки со институциите од областа на културата, и за истите ќе доставува извештај. Училиштето традиционално активно учествува на објавени конкурси и натпревари: - литературни и ликовни конкурси и изложби, посета на културно- историски споменици, музеи, библиотека, театар, дом на култура, кино престави ... Во насока на исполнување на поставените цели училиштето ќе соработува со: - Градската библиотека - Домот на култура - Драмскиот театар - Друштвото на писатели - Природно - научен музеј - ЗОО - Музејот на револуционерната бо

### ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Училиштето во текот на годината ги следи и постапува по сите упатства дадени од - МОН - БРО - ДИЦ - ЕЛС Сектор за образование. Учествува во сите организирани обуки, семинари, предавања, работилници кои се посочени од соодветните државни образовни институции. Постојаната комуникација со активот на директори за координација на активности во кои се вклучени сите општински училишта како давање иницијативи за зголемување на соработката. За подобрување на условите за работа на наставниците и учениците, училиштето ќе биде во постојана комуникација и со основачот на училиштето.

### НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Соработката со невладиниот сектор е во континуитет години наназад па така ќе продолжи и оваа учебна година. Меѓу нив се соработката со Црвениот Крст, Еколошко друштво Треска,СПОРТСКИ ДРУШТВА

Училиштето активно ќе соработува со следните спортски друштва: - Федерација на училишен спорт на Македонија - - Спортски клуб при нашето училиште Активностите на планот на соработка со спортските друштва ќе се реализираат преку учество на нашите ученици на локални, градски и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува и спортскиот и натпреварувачкиот дух кај децата.

**ЗДРАВСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

Една од најзначајните задачи во воспитно образовниот процес е грижата за здравјето на учениците. Во таа насока нашето училиште континуирано соработува со Центарот за јавно здравје - оддел училишна медицина и училишна стоматологија, Центарот за социјални грижи. Преку соработка со овие институции перманентно, превентивно и континуирано ќе се заштитува здравјето на учениците.

За добра промоција на училиштето вашен сегмент е соработката на институцијата со медиумите. Медиумот е врска со јавноста и јавното мислење.

## 23. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

(Во овој дел треба да се наведе на кој начин ќе се реализира следењето на активностите предвидени со годишната програма за работа на основното училиште.)

Реализацијата на Годишната програма ја следеше: Училишниот одбор, Советот на родителите, Наставничкиот совет, државниот просветен инспекторат и одговорниот советник од Бирото за развој на образованието преку состаноци, посети и извештаи. Следењето на организацијата, реализацијата и ефикасноста на наставните и воннаставните активности, следењето на сите видови подготовка на наставата и воннаставните активности беа задачи на директорот на училиштето во соработка со стручните соработници, просветната инспекција и советниците од Бирото за развој на образованието и притоа направија целосен увид во работата на училиштето и реализацијата на проектите. Следењето и вреднувањето на постигањата на учениците во наставата го вршеа предметните наставници и наставниците од одделенска настава преку писмени работи, тестови, контролни работи, усно испитување, практична работа и т.н. Врз основа на следењето на резултатите од наставата и воннаставните активности од страна на директорот, советниците од Бирото за развој на образованието, државниот просветен инспекторат и стручните соработници се изготвија полугодишни и годишни извештаи, анализи и информации за изминатите тримесечија по разни основ

## 24.ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Со цел да се увиди до кој степен и како се реализираат поставените цели од годишната програма во нашето училиште ќе се организираат тековно повеќе видови истражувања кои ќе имаат за цел давање на повратни информации. Во контекст на тоа ќе бидат организирани разни видови на анонимни онлајн анкетни прашалници од затворен тип, работилници и стручни состаноци преку кои ќе се бара од сите релевантни фактори (вработени, родители, ученици) по пат на дебати, искажувања на свои мислења аргументирано да се вреднуваат критикуваат постигањата и реализацијата на поставените цели и задачи со годишната програма. Крајната цел на ова е подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето.

## 25. ЗАКЛУЧОК

Годишната програма за работа на училиштето е изработена согласно новиот правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основните училишта донесен на 06.07. 2020 година. Прилагодувана е така да сите активности кои ќе се превземаат од страна на вработените делуваат позитивно и мотивирачки на ученикот. Секако важен сегмент ни се и родителите, локалната заедница и преставниците од локалната самоуправа кои преку предвидените цели имаме намера да ги приближиме до нашето училиште и да ги мотивираме во нивно активно вклучување а се со цел подобрување на воспитно - образовниот процес, условите за работа и на нашите ученици и на вработените. Со оглед на тоа дека се прави на почеток на учебната година а воспитно - образовниот процес е променлив и движечки процес а и имајќи ја во предвид постоечката ситуација со пандемијата од COVID-19 не е исклучено дека оваа годишна програма може да претрпи одредени измени и надополнувања во текот на годината.

## 26.КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Годишната програма за работа на училиштето ја изработи комисијата составена од

1. Гоце Стојановски
2. Милисав Димоски
3. Вера Китаноска
4. Сузана Тренгоска
5. Рената Т.Кузманоска
6. Марјана Трпеска
7. Кристина Симјаноска

**Јуни,2021 година**
**Македонски Брод**

**Директор**
**Гоце Стојановски**

**М П**

**Претседател на УО**
**Давор Тримчески**

## *Прилог бр 1: Годишна програма за работа на Директорот*

Основа за планирање на работата на директорот на училиштето е законската регулатива и потребите на корисниците на услугите - ученици и родители, како и подобрување на условите за учење и подучување на реализаторите на воспитно-образовниот процес. Раководен орган на училиштето е директорот. При вршењето на својата раководна и менаџерска функција директорот ќе се раководи од неговата програма за работа на училиштето.

Обврски на современиот директор:

• да обезбедува услови за најефикасно давање на воспитно-образовни, научно-истражувачки, едукативни, развојни и информатички услуги.

• да обезбедува стратегија за развој на училиштето која нема да биде подложна на влијание од окружувањето и на чести промени и нестабилност.

• да обезбедува услови на организција, да ги задоволат барањата на оние државни органи кои ја контролираат нејзината работа (МОН, БРО, Државен просветен инспекторат и др.)

• да обезбеди континуирано користење информатичкиот систем кој ќе овозможи ползување на достигањата кај другите, но и нудење на своите достигања во науката, воспитанието, образованието, образовната технологија.

• да делува како авторитет кој компетентно и одговорно ги води организацијата, раководењето, мотивирањето и контрола над работата.

| I. Водство | | |
|---|---|---|
| 1.1. Стратешко водство<br>1.2. Училишна клима и култура<br>1.3. Соработка со родителите и заедницата | Носители и соработници | Време на реализација |
| 1.1 Влијание на вработените во училиштето да ги претставуваат прифатените вредности во училиштето во опкружувањето и пошироко - Избирање на | Стручна служба, | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| стилови на водство и примена согласно ситуацијата - Вложување во развојот на идентификуваните водачи, формирање тимови, давање ресурси и слобода за дејствување - Остварување континуирана соработка со органите и телата во училиштето | наставници | |
| 1.2 - Воспоставување механизми за поддршка на наставниците и учениците со што придонесува за нивни високи постигања - Превземање активности за одржување на постојано поттикнувачка атмосвера и градење позитивна клима на прифаќање и почитување на сите - Воспоставување на систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени вклучувајќи ги и учениците со ПОП - Воспоставување процедури што обезбедуваат култура на транспарентност и одговорност - Поставување висики и достижни очекувања од учениците и вработените - Воспоставување хоризонтална и вертикална соработка во сите стручни тела во училиштето - Обезбедување принцип на ‘’ отворена врата’’ за соработка со наставниците, родителите, локалната заедница и бизнис сектор - Обезбедување услови за реализација за активности од областа на инклузија мултикултурализам, меѓуетничка интеграција, екологија и др. | Надлежни институции општина<br>Наставници<br>вработени<br>директор | Континуирано |
| 1.3 - Информирање на локалната самоуправа за потребите на училиштето и обезбедување подршка - Соработка со локалната заедница при справување со кризни ситуации што ги засегаат училиштето и локалната заедница ( непогоди, епидемии, насилство и слично) - Презентирање на работата на училиштето и промовирање преку постигањата на учениците и наставниците - Заедничка реализација на превентивни, хуманитарни и културни активности со локалната заедница - Соработка со граѓанскиот сектор и активно вклучување на вработените и учениците во проекти од интерес на заедницата и на училиштето - Соработка со соодветни невладини здруженија за заштина и поддршка на младите - Соработка со институции надлежни за образованието- МОН, БРО, ДПИ , ДИЦ и др. - Обезбедување услови за соработка со други училишта - Реализација на планирани активности со родителите во одделни сегменти во воспитно образовниот процес | Директор<br>педагог<br>психолог<br>наставници,<br>Општина М.Брод | Континуирано |

| II. Раководење со човечки ресурси | | |
|---|---|---|
| 2.1 Комуникација и односи со јавност<br>2.2 Унапредување на човечките односи<br>2.3 Професионален и кариерен развој<br>2.4 Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање | | |
| 2.1 - Формирање тимови за односи со јавноста и изготвување акционен план и програма за презентација на училиштето<br>- Воспоставување и одржување јасен систем на комуникација во училиштето и средината - Комуницирање со вработените континуирано, непосредно во писмена и во електронска форма<br>- Користење на различни видово и приоди во формална и неформална комуникација<br>- Применување на позитивен модел на комуникациски вештини со вработените<br>- Приспособување на начинот на комуникација за надминување на недоразбирањата<br>- Планирање на состаноците и навремено информирање на учесниците<br>- Конструктивно насочување на дискусиите за време на состаноците<br>- Градење стратегија за одржување на угледот на училиштето<br>- Реализација на планот за привлекување на ученици како резултат на | Педагог<br>Психолог<br>наставници | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| квалитетот на вработените и наставата во училиштето<br><br>- Следење на осипувањето и градење стратегија за негово намалување во училиштето | | |
| 2.2 - Градење јасен приод за развој на меѓуетничките односи и надминување на конфликтите<br><br>- Учество во разрешување конфликти и градење доброи меѓучовечки односи<br><br>- Водење на грижа при распределба на работните ангажмани на вработените<br><br>- Развивање на клима и култура кои го подржуваат вклучувањето на вработените во донесувањето одлуки, поставување цели и креирање промени | Педагог<br><br>Психолог<br><br>наставници | континуирано |
| 2.3 - Анализирање на ефективноста на сопственото работење и изготвување личен план за професионален развој<br><br>- Воспоставување систем за интерно стручно усовршување на вработените (предавања, работилници)<br><br>- Менаџирање со активностите предвидени во годишниот план за професионален развој<br><br>- Користење на различни инструменти за евалуација на работата | Педагог<br><br>Психолог<br><br>наставници | континуирано |
| 2.4 - Планирање на персонална соработка со институциите<br><br>- Спроведување интервју со потенцијални кандидати за вработување<br><br>- Обезбедување стручен и компетентен кадар<br><br>- Континуирано следење на работата на сите вработени и обезбедување соодветна подршка<br><br>- Препознавање и наградување на индивидуални постигнувања | Педагог<br><br>Психолог<br><br>наставници | континуирано |

| III. Педагошко раководење на училиштето | | |
|---|---|---|
| 3.1 Планирање<br>3.2 Подршка на наставата и учењето<br>3.3 Обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација и развој)<br>3.4 Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот | | |
| 3.1 - Градење систем за вклучување на предлозите на вработените во планирањето на работата на училиштето<br>- Изготвување годишни, оперативни и неделни планови за сопствената работа<br>- Ревидирање на програмите краткорочно, среднорочно и долгорочно<br>- Презентирање на годишните планирања пред органите и телата на училиштето и пред локалната заедница<br>- Иницирање и насочување активности за иновација во наставата | Наставници<br>координатори на тимови ,<br>стручна служба | континуирано |
| 3.2 - Воспоставување процедури за планирање на наставата и на воннаставните активности<br>- Подршка на наставниците при планирањето<br>- Изработка и користење инструменти за следење на наставата<br>- Следење наставни часови и давање повратни информации | Наставници<br>координатори на тимови ,<br>стручна служба | континуирано |
| 3.3 - Следење на ефективноста од реализацијата на училишните планови и програми<br>- Поддршка на тимовите за изработка на самоевалуацијата | Наставници<br>координатори на тимови , | |

| | | |
|---|---|---|
| - Водење советодавно<br><br>– инструктивни разговори со наставниците, учениците и родителите<br><br>- Обезбедување размена на добри практики на иновативна настава во рамките на училиштето и со други училишта вклучувајки и користење на современо образовна технологија | стручна служба | континуирано |
| 3.4 - Обезбедување грижа од страна на сите во училиштето за физичката средина, изглед, хигиена и слично<br><br>- Обезбедување услови за безбедно опкружување и заштита на учениците од насилство и злоупотреба<br><br>- Формирање инклузивни тимови<br><br>- Обезбедување активности за запознавање со културите на заедниците што живеат во РМ<br><br>- Создавање услови за вклучување на учениците во животот на училиштето и непречена работа на ученичките организации | Директор<br><br>Стручна служба | континуирано |

| IV. Финансиско раководење | |
|---|---|
| 4.1 Раководење со финансиските ресурси<br><br>4.2 Раководење со материјалните ресурси | |
| 4.1 - Пронаоѓање можни извори на дополнително финансирање и дополнителни средства за училиштето<br><br>- Следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет<br><br>- Информирање на органите и телата во училиштето за трошење на финансиските сретства | Континуирано |

| | |
|---|---|
| - Навремено исполнување на финансиските обврски<br>- Следење на постапките за реализирање на јавните набавки согласно законот<br>- Обезбедување услови за транспарентно усвојување на завршната сметка | |
| 4.2 - Реализација на планот и распоредот за максимално коистење на расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности во согласно со потребите<br>- Реализација во обезбедување на потребни материјални ресурси за одвивање на наставата<br>- Вклучување на вработените во планирањето на буџетот и информирање за негоба прераспределба<br>- Обезбедување на материјални ресурси за непречено одвивање на наставата | Континуирано |

| V. Законско и административно работење на училиштето | | |
|---|---|---|
| 5.1 Примена на законски и под законски акти<br>5.2 Изработка и примена на интерни акти и документација<br>5.3 Раководење со административните процеси<br>5.4 Примена на информациските системи во училиштето | | |
| 5.1 - Обезбедување примена на законската регулатива во училиштето<br>- Воспоставување систем за информирање на вработените и претставниците од училишните органи и тела за релевантни законски прописи | Педагог<br>претседатели на активи<br>одделенски наставници, | |

| | | |
|---|---|---|
| | родители<br>секретар<br>училишен одбор | Континуирано |
| 5.2 - Организирање и учество во работата на тимовите за изработка на интерни акти<br>- Носење интерни акти во сопствена надлежност<br>- Обезбедување доследно спроведување на интерните акти<br>- Спроведување одлули донесени од училишниот одбор | Педагог<br>психолог<br>наставници | Континуирано |
| 5.3 - Организирање и следење на работата на вработените и обезбедување соодветни услови<br>- Доделување задачи на вработените, обезбедување почитување почитување на рокови и непосредно раководење со процесот<br>- Воспоставување добро организиран систем за административни работи во училиштето | | Континуирано |
| 5.4 - Обезбедување услови за развој и функционирање на информациските системи<br>- Обезбедување услови за сеопфатна електронска евиденција на сите активности на училиштето<br>- Користење информациски системи во секојдневната работа | | Континуирано |

Директор:Гоце Стојановски

# *Прилог бр. 2 Годишна програма на помошник директорот*

Помошник директорот на училиштето помага на директорот во непосредно организирање на работата во училиштето. Тој остварува континуирана соработка со стручните служби (педагог, психолог, дефектолог, библиотекар), Наставнички совет, Совет на родителите,Училишниот одбор и сите останати тела и структури кои делуваат во училиштето како и самата Општина. Во остварување на своите обврски и работењето ги има следните задолженија:

**Се грижи за благовремено извршување на работата во училиштето;**

• Се грижи за навремено изготвување на Годишната програма и нејзино успешно реализирање;
• Соработува со подрачните училишта
• Помага на директорот во подготвувањето на седниците на стручните органи на училиштето;
• Во отсуство на директорот раководи со целокупната организација и работа на училиштето;
• Води грижа за подобрување на условите за работа и непречено вршење на дејноста на училиштето;
• Соработува со други училишта со цел унапредување на наставата и воннаставната дејност во училиштето;
• Врши и воспитно – образовна работа;
• Ја следи работата на стручните активи;
• Се грижи за законитоста во работењето на училиштето и нивно спроведување;
• Соработува со педагошко – психолошката служба, одделенските раководители и останатиот воспитно наставен кадар, сородителите на учениците како и пошироко;
• Врши увид на успехот, изостаноци и поведение на учениците, доставува извештаи за потребите на Општината, БРО, МОН и други научни и социјални институции;
• Води грижа за редот и дисциплината во училиштето и нивно одржување;

Целокупната активност на пом.директорот во ООУ“Св.Климент Охридски“ Мак.Брод во текот на учебната 2021/2022 год. ќе биде насочена кон подобрување на квалитетот на работа на училиштето, а аналогно на тоа кон постигнување на подобри резултати.

Посебно внимание ќе биде посветено на воспитно-образовниот процес како основна работа на училиштето во нејзиното планирање, организирање, координирање и реалзациаја на активностите. Преку сопствени ставови, мислења, предлози сугестии ќе учствува во планирање на воннаставните активности на учениците(слободни ученички активности, учество на конкурси, натпревари и ученичка заедница и сл.) работата на административно техничкиот персонал. Исто така ќе учествува во подготовките на состаноците на стручните органи и тела во училиштето. Ќе ја следи целокупната работа во училиштето, ќе врши дијагностицирање на одредени појави и проблеми и ќе превзема активности за нивно лоцирање и решавање заедно со директорот и останатите субјекти во училиштето. Континуирано во текот на целата година ќе дава помош во согласност со своите можности на сите наставници преку непосредна соработка во изготвување на инструменти за објективно оценување на ученичките знаења, умеења и вештини, но истовремено ќе се грижи за рационално и функционално користење на расположивите технички средства. Ќе настојува во наставно-воспитниот процес да бидат применувани современи наставни методи и форми за работа. На планот на соработката со родителите активно ќе учествува во работата на советот на родители на училиштето.

Активно ќе зема учество во соработката со локалната средина .Сопствен придонес ќе даде и во изготвување на сите анализи,полугодишни и годишни извештаи. Учество во планирање и изготвување на сите видови распореди во училиштето. Перманентно ќе ја следи ажурноста и исправноста во водењето на педагошката евиденција и документација. Активно ќе учествува во работата на Стручниот тим на училиштето,комисии и еко одборот.

При реализација на програмата ќе соработува со директорот на училиштето,педагошко-психолошката служба,наставниците,учениците и нивните организации како и со членовите на училишниот одбор и советот на родители.

Учество во тимови за изработка на Годишната програма и реализација на активностите од тимовита. Координатор на тимот за Меѓуетничка интеграција на образованието.Претседател на комисијата за јавни набавки во училиштето,водење на планот за заштита и спасување исл...

# I. Концепциско програмско подрачје

1. **Педагошко раководење**
-решавање на педагошко образовни прашања
-советодавна и информативна аналитичка работа
-соработка со стручни и научни институции
2.**Организациони-раководни работи**
-Изградување на училишен,наставнички и ученички колектив
-советодавна и аналитичка работа
-соработка со стручни орган
3.**Административна работа**
-Давање помош и упатство во водење на одд. и главните книги
-Увид во одделенските и матичните книга
-Соработка со педагошко-психолошка служба
**4.Следење и разрешување на карактеристични воспитно образовни проблеми и други негативни појави во работата на училиштето**

| Програмско-концепциско подрачје | Носители и соработници | Време на реализација |
|---|---|---|
| **II Аналитичо-студиска работа-осовременување на воспитно образовната работа и други дејности** | Директор<br>Пом.директор | Континуирано |
| 1,Анализа на годишните,глобалнита и тематските планирања | | |
| 2.Прооучување на тематските процесни планирања на наставниците | | |
| 3.Изработка на анализи и извештаи за постигнатите резултати во работата на училиштето | | |
| 4.Упатување на наставниците во аналитичките работи во наставата и во останатите работи | | |
| **III.Соработка со стручни служби во училиштето и стручни служби и институции надвор од него** | | |
| 1.Учество во работата на педагошко-психолошката служба во училиштето при програмирање, следење и контрола на работата | Директор<br>Пом.директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Наставници<br>БРО | Континуирано |
| 2.Соработка со БРО во отсуство на директорот | | |
| 3.Соработка со стручни организации,НВО и др.институции | | |
| 4.Соработка за стручно усовршување на наставниците,преку семинари,обуки,консултативни состаноци,евиденција и контрола на резултатите од тоа усовршување. | | |
| **IV.Педагошко – инструктивна работа** | | |
| 1.Педагошко насочување во врска со планирањето, програмирањето и подготвувањето на оперативните планови на наставниците и вон наставните активности | Директор<br>Пом. Дир.<br>Педагог<br>Психолог | Континуирано |
| 2.Подготовка на концепт за работа во наредниот период за работа во наредната учебна година на сите вработени во училиштето | | |

**Годишна програма за работа на помошник директор**

| **Планирана програмска активност на работа** | **Време на реализација** | **Реализатор** |
|---|---|---|
| Соработка со наставниците при подготовка и реализација на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2021/22 год.<br>• Организација за спроведување обуки за потребите на наставниците.<br>• Општ увид за условите и просторот во училиштето за почетокот на учебната 2021/2022 година.<br>• Соработка со наставниците при подготовка и реализација на новата учебна година.<br>• Соработка со наставниците при подготовка на забавна програма за учениците, училишна програма за почетокот на учебната година.<br>• Учество во изготвување на распоредот за наставниците и за дежурни наставници.<br>• Соработка со наставниците и родителите за подобра комуникација на наставник, родител и ученик.<br>• Учество на одделенски и наставнички совет | август,<br>септември,<br>во текот на целата учебна година | помошник директор, одделенски и предметни наставници, стручна служба |
| Соработка со подрачните училишта<br>• Соработка со Општината и други институции.<br>• Разговор со наставниците со цел давање на помош за одредени работи.<br>• Советодавна работа со учениците, одделенската заедница и родителите на учениците,<br>• Комплетирање на учебници за учениците, од страна на МОН.<br>• Информирање на наставниците за планирани семинари, обуки и учество во проекти<br>• Учество на Наставнички совет за првото тромесечие<br>• Изработување на различни извештаи за | октомври,<br>ноември<br>во текот на целата учебна година | директор,<br>помошник директор,<br>наставници,родители,ученици |

| | | |
|---|---|---|
| потребите на институциите. | | |
| Подготовка за одржување на Одделенски и Наставнички совет<br>• Увид во изготвувањето на полугодишниот извештај за работата на училиштето во првото полугодие од учебната 2021/2022година.<br>• Соработка со наставниците при потреба и избор за примена на нови методи и техники во наставата.<br>• Подобрување на хигиената во училиштето и одржување на чист училишен двор.<br>• Избор на стручна литература за потребите на училиштето. | декември,<br>јануари.<br>февруари<br>во текот на целата учебна година | директор,наставници,<br>помошник директор,<br>стручни соработници,ученици,<br>технички персонал |
| Планирање и координирање на работата на подрачните со централното училиште.<br>• Унапредување на соработката на подрачните со централното училиште преку организирање на спортски и други заеднички активности .<br>• Соработка со други училишта преку организирање спортски и други активности по повод Патрониот празник на училиштето.<br>• Увид во реализацијата на остварени родителски средби на наставниците со родителите.<br>• Предлози за набавка на нагледни средства, материјали и слично за потребите на наставниците | март,<br>април, | Помошник директор,<br>наставници,<br>ученици |
| Увид во запишување на првачиња за наредната 2021/22година.<br>• Анализирање на проблемите во воспитно- образовниот процес.<br>• Контрола во организација и одржување на родителски средби.<br>• Помош при избор и набавка на учебници,стручна литература<br>• Набавка на книги за наградување на учениците за постигнатиот успех во училиштето .<br>• Непречена соработка на училиштето со Општината, БРО, МОН и дру | мај,<br>јуни,<br>јули,<br>во текот на целата учебна година | помошник директор,стручна служба,класни раководители,<br>родители, технички персонал |

**Јуни,2021**
**Македонски Брод**

**Пом.директор**
**Милисав Димоски**

**Директор**
**Гоце Стојановски**

# *Прилог бр.3 Годишна програма на педагог*

Педагог: Вера Китаноска

| | |
|---|---|
| **I** | **Работа со ученици** |
| **II** | **Работа со наставници** |
| **III** | **Работа со родители** |
| **IV** | **Соработка со заедницата** |
| **V** | **Професионален развој и професионална соработка** |
| **VI** | **Аналитичко - истражувачка работа** |
| **VII** | **Училишна структура, организација и култура** |

**Подрачје I: Работа со ученици**

**Потподрачје: Поддршка на учениците во учењето**

| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
|---|---|---|
| 1. Планирање работа во работилници со учениците<br>2. Индивидуално или групно подучување на учениците на техниките за учење<br>3. Подготвување, приспособување, предлагање и применување соодветни стратегии за поучување<br>4. Учество во приспособување наставни содржини за конкретни ученици согласно нивните потреби и можности | Континуирано | Психолог<br>Наставници |

| **Потподрачје: Следење и поддршка на развојот на учениците** | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Идентификување и користење стратегии за справување со кризни состојби на учениците или нивно несоодветно однесување<br>2. Поддршка во организација и реализација на воннаставните активности на учениците во училиштето<br>3. Решавање на воспитни ситуации со примена на современи модели за педагошко водење<br>4. Планирање, организирање и реализирање на превентивни работилници (болести, независност, психотропни супстанци) | Континуирано | Директор<br>Тимови<br>Наставници<br>Психолог |
| **Подрачје II: Работа со наставници** | | |
| **Потподрачје: Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно – образовниот процес и самоевалуацијата** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Давање на стручна помош во подготовката и реализацијата на наставата<br>2. Помош на наставниците во изготвување на инструменти за вреднување и самовреднување на постигањата на учениците<br>3. Промовирање на иновативни приоди во наставата<br>4. Поддршка на наставниците при самовреднувањето | Континуирано | Наставници<br>Директор<br>Психолог |

| **Потподрачје: Поддршка на наставниците за работа со учениците** | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Примена на соодветни методи во работата со ученици со различни лични карактеристики<br>2. Демонстрирање на различни приоди во учењето кои ќе им помогнат на учениците во учењето | Континуирано | Наставници<br>Дефектолог<br>Психолог |
| **ПодрачјеIII : Работа со родители** | | |
| **Потподрачје: Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Поддршка на родителите во работата со деца со посебни образовни потреби<br>2. Користење на различни методи за индивидуални и групни советувања на родители | Континуирано | Психолог<br>Родители |
| Подрачје IV : Соработка со заедницата | | |
| **Потподрачје: Соработка со локалната заедница** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
| 1. Остварување на контакти со со локалната заедница | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Остварување на контакти со средни училишта за информирање на учениците за нивното понатамошно образование | Континуирано | Локална заедница<br>Ученици<br>Наставници<br>Психолог |
| **Подрачје V: Професионален развој и професионална соработка** | | |
| **Потподрачје: Поддршка на професионалнио развој и соработката во училиштето** | | |
| **Активности** | **Време за реализација** | **Соработници** |
